Nedzad Mehmedovic, PhD[1]

UDC: 341.121(100)"19"

# NDËRTIMI I PAQES PAS LUFTËS SË MADHE: NGRITJA DHE RËNIA E LIDHJES SË KOMBEVE

# ИЗГРАДБА НА МИРОТ ПО ГОЛЕМАТА ВОЈНА: ПОДЕМОТ И ПАДОТ НА ЛИГАТА НА НАРОДИТЕ

# BUILDING PEACE AFTER THE GREAT WAR: THE RISE AND FALL OF THE LEAGUE OF NATIONS

**Abstract**

This paper explores the origins, structure, and effectiveness of the League of Nations as the first global attempt to establish a collective security system after the First World War. Rooted in Woodrow Wilson's principles of peaceful dispute resolution and national self-determination, the League introduced innovative mechanisms such as arbitration, international legal codification, and specialized agencies addressing health, labor, and refugee issues. However, limited enforcement power, the absence of major states, internal political divisions, and restricted operational capacity weakened its ability to prevent aggression and ultimately failed to stop the outbreak of the Second World War. Despite its shortcomings, the League laid important institutional foundations for modern multilateralism and directly influenced the formation of the United Nations.

***Keywords:*** *League of Nations, collective security, international cooperation, global governance*

[1] Dr. Nedzad Mehmedovic, assistant professor at the Institute of National History - Skopje. Email: nedjad.mehmedovikj@gmail.com

Потребата од воспоставување и организирање на меѓународен безбедносен систем се роди и се реализира веднаш по завршувањето на Првата светска војна. Целта на формирањето на Лигата на народите беше зачувување на меѓународниот мир и подобрување на меѓународната соработка заснована на примена на меѓународното право и мирно решавање на споровите.

Првата светска војна го уништи системот на рамнотежа на силите и донесе нови лица на политичката сцена кои имаа различни идеи и концепти. Првиот од нив беше американскиот претседател Томас Вудро Вилсон, кој веруваше дека Првата светска војна е последица на претходно лошо уредените меѓународни односи. Тој веруваше дека треба да има мир без победници, како и дека треба да се создаваат нови односи во меѓународната заедница каде што сите земји треба да учествуваат и да бидат подготвени заедно да организираат заштита.[2] Со распадот на големите империи, Русија, Германија, Османската империја и Австро-Унгарија, Европа стана мешавина од различни народи и националности без свои држави. Поради ова, Вилсон верувал дека на сите народи треба да им се даде право на самоопределување. Така, на крајот на војната, Југославија, Чехословачка и Полска беа создадени токму поради идејата на Вилсон за самоопределување. Основана е нова меѓународна заедница, Лигата на народите, чија главна задача беше да ги решава сите спорови по мирен пат со цел да се спречи повторување конфликти, како што е Првата светска војна.[3] Балканските граници за прв пат во историјата беа повлечени врз основа на начелото за самоопределување на народите, кое претставуваше идеолошка инспирација на американскиот претседател Вилсон.[4] Веќе со завршувањето на Големата војна започна да се развива теоријата за надворешната политика, како посебна научна дисциплина.[5]

Претседателот на САД, Вудро Вилсон во своите 14 точки за мир наведе дека мора да биде формирана универзална асоцијација помеѓу нациите со цел давање и добивање заеднички гаранции за политичка независност и територијален интегритет, како за

[2] Radovan Vukadinović, Politika i Diplomacija, Zagreb: Politička kultura, 2004, str. 23.
[3] Ибид, стр. 24-25.
[4] Јовановић, Јован М., Дипломатска историја Нове Европе: 1918-1938, Књ. I. Београд : К. Ј. Михаиловић, 1938.
[5] Kenneth N. Waltz, Čovjek država i rat: teorijska analiza, Zagreb: Barbat: Institut za međunarodne odnose, 1998, str. 9.

големите така и за малите држави.[6] Ваквите размислувања и идеи делумно најдоа практична реализација во лицето на Лигата на народите. Така, предлогот за формирање Лига на народите беше одобрен на 25 јануари 1919 година на Париската мировна конференција.

Првата седница на Парискатa мировна конференција била посветена за изградувањето на правилата на меѓународните организации, кои би се грижеле за идниот мировен развој на човештвото и заедничкиот живот, во кој сите прашања би биле решени по мирен пат.[7] Правилата за функционирање на Лигата на народите влегле во завршниот документ на Парискатa мировна конференција т.е. Версајскиот договор.[8]

Сепак, Лигата на народите можеше да почне да функционира, формално и официјално, само кога Версајскиот договор стапи на сила по неговата ратификација од сите страни. Така, Лигата на народите официјално ги започнала своите активности на 10 јануари 1920 година додека формално престана да постои на 19 април 1946 година.




Фотографија бр.1: Лого на Лигата на народите

[6] Irwin Unger, These United States (2007), pp. 561.
[7] Историја на светот (превод), катедра по историско-правни науки, УКИМ, Скопје, 2005, стр. 158.
[8] На Парискатa мировна конференција од 1919 година официјално заврши Првата светска војна. Со одлуките на Версајскиот систем се случија големи промени на Балканскиот Полуостров. Воена надмоќ на силите на Антанта и земјите придружнички во војната, како и воената среќа, ја создадоа новата Европа или попозната како версајска Европа. Види: Василевска, Иванка. Регионално-безбедносни пактови во Југоисточна Европа меѓу двете светски војни: со посебен осврт кон македонското прашање во политиката на балканските држави меѓу двете светски војни, Скопје: Македонски политиколошки форум, 2022, стр. 13.

Првично замислената идеја на Лигата на народите е во неа да членуваат сите држави во светот, план кој уште на самите почетоци не се реализира. Лигата е основана од 42 држави членки, додека уште шест други се приклучија до крајот на годината на основање во 1920 година.[9] Низ годините голем број земји се зачленуваа и отчленуваа. Најголемиот број земји членки кој во еден момент го имала организацијата бил вкупно 58 членки.[10]

Основачи на Лигата на народите, чие седиште беше во Женева, беа земјите членки победнички, потписнички на мировните договори, освен САД и некои неутрални земји кои не учествуваа во Првата светска војна. Земјите кои подоцна биле прифатени биле Бугарија (во 1920 година), Австрија (1920), Унгарија (1922), Ирска (1923), Германија (1926), Мексико (1931), Турција (1932), Советскиот Сојуз (1934), Чиле (1938) и други. Покрај случаите на зачленување, низ годините имаше голем број случаи каде што земјите членки ја напуштаа организацијата. Примери за земји членки кои ја напуштија организацијата се следните: Костарика (во 1925 година), Бразил (1926), Јапонија (1933), Парагвај (1935) и други. Покрај напуштањето на организацијата имаше случаи и на исклучување од неа. Тоа беше случај со Советскиот Сојуз којшто беше исклучен по агресијата врз Финска.

Во табеларниот приказ во продолжение се сите земји членки на Лигата на народи. Во табелата покрај податоците за земјите членки е наведена годината на зачленување и годината на напуштање на организацијата. Со (*) се наведени земјите кои се основачи и членки од самиот почеток.

[9] "Chronology of the League of Nations" (PDF). United Nations Office at Geneva. Archived (PDF) from the original on 25 May 2017. [Retrieved 9 October 2018]

[10] "National Membership of the League of Nations". University of Indiana. [Archived from the original on 9 September 2011]

Табела 1: Земји членки на Лигата на народи[11]

| Земја членка | Година на зачленување | Година на напуштање |
|---|---|---|
| Авганистан | 1934 | |
| Албанија | 1920 | 1939 |
| Аргентина* | | |
| Австралија* | | |
| Австрија | 1920 | 1938 |
| Белгија* | | |
| Боливија* | | |
| Бразил* | | 1926 |
| Бугарија | 1920 | |
| Канада* | | |
| Чиле* | | 1938 |
| Кина* | | |
| Колумбија* | | |
| Костарика | 1920 | 1925 |
| Куба* | | |
| Чехословачка* | | |
| Данска* | | |
| Доминиканска Република | 1924 | |
| Еквадор | 1934 | |
| Египет | 1937 | |
| Естонија | 1921 | |
| Етиопија | 1923 | |
| Финска | 1920 | |
| Франција* | | |
| Германија | 1926 | 1933 |
| Грција* | | |
| Гватемала* | | 1936 |
| Хаити* | | 1942 |
| Хондурас* | | 1936 |

[11]Mackenzie, David, A World Beyond Borders: An Introduction to the History of International Organizations, University of Toronto Press, 2010, pp.15.

| | | |
|---|---|---|
| Унгарија | 1922 | 1939 |
| Индија* | | |
| Ирак | 1932 | |
| Ирска | 1923 | |
| Италија* | | 1937 |
| Јапонија* | | 1933 |
| Латвија | 1921 | |
| Либерија* | | |
| Литванија | 1921 | |
| Луксембург | 1920 | |
| Мексико | 1931 | |
| Холандија* | | |
| Нов Зеланд* | | |
| Никарагва* | | 1936 |
| Норвешка* | | |
| Панама* | | |
| Парагвај* | | 1935 |
| Персија* | | |
| Перу* | | 1939 |
| Полска* | | |
| Португалија* | | |
| Романија* | | 1940 |
| Салвадор* | | 1937 |
| Сијам* | | |
| Јужна Африка* | | |
| Шпанија* | | 1939 |
| Шведска* | | |
| Швајцарија* | | |
| Турција | 1932 | |
| Велика Британија* | | |
| СССР | 1934 | 1939 |
| Уругвај* | | |
| Венецуела* | | 1938 |
| Југославија* | | |

Главниот орган на Друштвото беше Собранието, кое ја донесе одлуката за прием на државите со полноправно членство со двотретинско мнозинство, Постојаниот секретаријат, како главен административен орган, Постојаниот суд за меѓународна правда и Советот.[12]

Советот на Лигата на народите дејствувал како еден вид егзекутивно тело. Првично бил составен од четири постојани членки (Велика Британија, Франција, Италија и Јапонија) и четири непостојани членки избрани од Асамблејата на тригодишен мандат. Во просек Советот заседавал пет пати годишно. Неговиот состав неколкупати бил менуван при што се зголемувал и намалувал бројот на постојаните и непостојаните членки.

Во Советот, кој во својата основа бил правен претходник на денешниот Совет за безбедност на Обединетите нации, недостасуваа САД, чиј Сенат одби да го ратификува Пактот на Лигата на народите. „Бидејќи САД беа отсутни од членството на Лигата, првичните постојани членки на Советот беа Британија, Франција, Италија и Јапонија. Во 1926 година, Германија беше прифатена како постојана членка. Во 1933 година, Јапонија и Германија ја напуштија Лигата. Тогаш Советскиот Сојуз беше избран за постојан член и остана таму до крајот на 1939 година, кога беше исклучен од Лигата поради неговата агресија врз Финска. Пред тоа, во 1937 година, Италија ја напушти Лигата. По неуспехот да се спречи агресија, Лигата ја напуштија и некои други земји од Европа и Латинска Америка. Собранието и Советот имаа неограничена јурисдикција за сите прашања кои го засегаат светскиот мир. Во двете тела одлуките требаше да се донесат едногласно“.[13] Членот 10 од Пактот на Лигата на народите вели дека секоја земја членка на Лигата на народите е должна да го почитува суверенитетот и политичката независност на другите членки и дека Советот на Лигата е надлежен да ги преземе неопходните мерки за да им помогне на државите врз кои е извршен чин на непријателство и дека Советот има целосно право да определи неопходни економски, политички и воени казни. Оваа еволуција во методот на постапување претставува посебна трансформација во меѓународниот систем ако се спореди со инструментот „рамнотежа на

[12] Northedge, F. S. (1986). The League of Nations: Its Life and Times, 1920–1946, New York, pp. 48-66.

[13] Degan, Dj. Međunarodno pravo, Pravni fakultet Sveučilišta u Rijeci, Rijeka, 2006, str. 448.

силите" усвоен од државите во минатото, како начин за обезбедување безбедност во меѓународниот систем.[14]

Постојаниот секретаријат бил сместен во седиштето на Лигата на народите во градот Женева. На чело на Постојаниот секретаријат стоел генералниот секретар. Секретаријатот имал задача да ја подготвува агендата за Советот и Асамблејата. Секретаријатот имал повеќе сектори како: финансиски, економски, политички, здравствен, социјален и други.[15] Во доменот на секретаријатот било и регистрирањето и објавувањето на меѓународните договори. Покрај тоа, ова тело ја координирало работата и на повеќе меѓународни организации и го презело управувањето на повеќе спорни територии.[16]



Фотографија бр. 2: Палатата на народите во Женева, Швајцарија.

Собранието или Асамблејата служело како парламент на Лигата на народите и заседавало еднаш во годината. Нејзини членови биле претставниците на сите држави членки и сите имале право на еден глас. Согласно со својата функција тоа можело да решава за следните активности: прием на нови членки во Лигата; именување на привремени членови на Советот; носење Буџет на Лигата; како и за други предлози изнесени од страна на Советот.

[14] Nothedge, F.S. (1986). The League of Nations: Its Life and Times, 1920-1946, New York, pp. 90-91.
[15] The League of Nations (revision notes), IGCSE HISTORY, pp.6.
[16] Дончев, Александар. Меѓународно хуманитарно право, Скопје: Матица Македонска, 2012, стр. 233.

Одлуките на Собранието требало да се носат едногласно што значело дека секој член на Собранието требало да се согласи со секоја предложена активност.[17]

Постојаниот суд на меѓународната правда требало да биде клучен дел од работата на Лигата за мирно решавање на споровите меѓу земјите. Судот бил со седиште во Хаг во Холандија и бил составен од судии од земјите членки. Доколку се побара, Судот имал надлежност да донесе одлука за граничен спор меѓу две земји и можел да даде правен совет до Собранието или до Советот. Додека конвенционалните судови во одделни земји членки можеле да ги спроведуваат неговите пресуди преку агенциите за спроведување на законот и преку владата, меѓународната природа на Судот значела дека тој немал начин да се погрижи земјите да ги следат неговите пресуди.[18]

Многу е тешко од денешна перспектива да се даде оцена дали Лигата на народите била „успешна” или „неуспешна” како организација. Сепак, и покрај несомнениот придонес на Лигата за народите во повеќе области, па и во кодификувањето на меѓународното право, сепак таа не ја исполни нејзината главна цел, а тоа беше зачувување на светскиот мир.

Лигата на народите и покрај предизвиците со кои се соочуваше даде особено значаен придонес во многу области како што се:[19]

Лигата на народите беше првата меѓународна организација која се занимаваше со прашања од глобален интерес, како што се разоружувањето, бегалската криза и човековите права.

Лигата на народите одигра улога во решавањето на споровите меѓу државите, вклучително и преку својот систем на задолжителна арбитража, која помогна да се спречи понатамошната ескалација на конфликти.

Лигата на народите формираше неколку комитети и агенции за унапредување на соработката за прашања како што се здравството, образованието и животната средина.

Лигата на народите го воспостави принципот на колективна безбедност, во кој се наведува дека нападот врз една земја членка

---

[17] The League of Nations (revision notes), IGCSE HISTORY, pp.7.

[18] Ибид, стр.8.

[19] League of Nations: Achievements and Reasons for Failure. <https://thekootneeti.in/2022/09/19/league-of-nations-achievements-and-reasons-for-failure>. [Пристапено на 10.10.2023]

ќе се смета за напад врз сите земји членки. Овој принцип ги постави темелите на системот за колективна безбедност на Обединетите нации.

Лигата на народите ја основа Меѓународната организација на трудот (МОТ), која е агенција на Обединетите нации што ги промовира правата на работниците и меѓународните стандарди на трудот. МОТ е активен и денес.

Почетокот на Втората светска војна покажа дека Лигата не успеала во својата примарна цел, спречување на нова светска војна. Имало различни причини за овој неуспех, многу од нив се поврзани со општите слабости во организацијата.[20]

Имаше повеќе причини за неуспехот на Лигата на народите, меѓу кои позначајни се следните:[21]

Лигата на народите немаше своја воена или економска моќ и се потпираше на земјите членки за спроведување на своите одлуки. Овој недостиг на сила за спроведување на одлуките го отежнуваше ефективно решавање на меѓународните спорови и конфликти.

Отсуство на големи сили: неколку големи сили, вклучително и Соединетите Американски Држави и Советскиот Сојуз[22], не беа членки на Лигата на народите. Ова претставуваше тешкотија на Лигата за да ги постигне своите цели и ефикасно да се справи со глобалните прашања.

И покрај нејзините напори да промовира меѓународна соработка и да спречи избувнување на друга светска војна, Лигата на народите не беше во можност да го спречи избувнувањето на Втората светска војна. Овој неуспех го поткопа кредибилитетот на организацијата и придонесе за нејзиното распаѓање.

Лигата на народите беше зафатена од внатрешни поделби и политички разлики меѓу нејзините земји членки, што ѝ отежна на организацијата ефективно да се справи со меѓународните прашања.

Лигата на народите имаше ограничен опсег на активности и немаше ресурси или овластување да одговори на многу од

[20] Nothedge, F.S. (1986). The League of Nations: Its Life and Times, 1920-1946, New York, pp. 276–278.

[21] League of Nations: Achievements and Reasons for Failure. <https://thekootneeti.in/2022/09/19/league-of-nations-achievements-and-reasons-for-failure>. [Пристапено на 10.10.2023]

[22] СССР беше членка само краток период на самиот крај на постоењето на организацијата.

главните глобални прашања од тоа време. Ова ја ограничи нејзината ефикасност и придонесе за неуспех.

## Conclusion

The League of Nations represented the first ambitious attempt by the international community to establish a system of collective security and institutionalized cooperation after the devastating consequences of the First World War. Although founded on the idealistic principles of President Woodrow Wilson, including peaceful dispute resolution, political equality, and the right to self-determination, the organization faced significant structural and political limitations from the start. Its lack of independent mechanisms to enforce decisions, combined with the absence of major global powers such as the United States and, at critical moments, the Soviet Union, weakened the League's effectiveness and reduced its ability to respond adequately to emerging international crises.

Nevertheless, the contribution of the League of Nations should not be underestimated. The organization established important precedents in the areas of arbitration, human rights, labor standards, humanitarian issues, and public health. Through these practices, it laid the foundations for the later establishment of the United Nations system. Although the League failed to prevent the outbreak of the Second World War and thus did not achieve its primary mission, its historical experience provides valuable insight into the challenges of multilateralism and international security. Its rise and decline remain a crucial lesson for contemporary efforts aimed at preserving peace, stability, and global cooperation

**Рецензенти:**
**Проф. д-р Рубин Земон**
**Доц. д-р Фатима Салифоска**

## Користена литература

1. Василевска, Иванка. Регионално-безбедносни пактови во Југоисточна Европа меѓу двете светски војни: со посебен осврт кон македонското прашање во политиката на балканските држави меѓу двете светски војни, Скопје: Македонски политиколошки форум, 2022.

2. Дончев, Александар. Меѓународно хуманитарно право, Скопје: Матица Македонска, 2012.

3. Degan, Dj. Međunarodno pravo, Pravni fakultet Sveučilišta u Rijeci, Rijeka, 2006.

4. Irwin Unger, These United States (2007).

5. Јовановић, Јован М., "Дипломатска историја Нове Европе: 1918-1938", Књ. I. Београд : К. Ј. Михаиловић, 1938.

6. Kenneth N. Waltz, Čovjek država i rat: teorijska analiza, Zagreb: Barbat: Institut za međunarodne odnose, 1998.

7. Mackenzie, David, A World Beyond Borders: An Introduction to the History of International Organizations, University of Toronto Press, 2010.

8. Northedge, F. S. (1986). The League of Nations: Its Life and Times, 1920–1946, New York.

9. Radovan Vukadinović, Politika i Diplomacija, Zagreb: Politička kultura, 2004.

10. Историја на светот (превод), катедра по историско-правни науки, УКИМ, Скопје, 2005.

**Други извори:**

1. "Chronology of the League of Nations" (PDF). United Nations Office at Geneva. Archived (PDF) from the original on 25 May 2017. [Retrieved 9 October 2018]

2. "National Membership of the League of Nations". University of Indiana. [Archived from the original on 9 September 2011]

3. The League of Nations (revision notes), IGCSE HISTORY.

4. League of Nations: Achievements and Reasons for Failure. <https://thekootneeti.in/2022/09/19/league-of-nations-achievements-and-reasons-for-failure>. [Пристапено на 10.10.2023]